**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1845/**

# З А П И С Н И К

**Од 178.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 14.03.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Косана Мазнева Николиќ и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација, Јана Граматниковска-претседател на пописна комисија-МРТ,Сузана Николовска-Одделение за сметководство и Иле Тримчески-Одделение за човечки ресурси во МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата, 178.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***
Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац предложи да се дополни со уште една точка дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи да работи по следниов Дневен ред.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 177.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на на Извештајот за извршениот редовен Годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ, со состојба на 31.12.2021 година.

3. Разгледување и одлучување по Жалба со бр.04-1045/4 од 11.03.2022 година.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 177.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 177.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 177.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 177.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно усвоен.

**ТОЧКА 2:Разгледување и усвојување на на Извештајот за извршениот редовен Годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ, со состојба на 31.12.2021 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Јана Граматниковска претседател на пописна комисија која детално го објани Извештајот за изврешен редовен годишен попис на средства и изворите на средства во ЈРП МРТ како начинот и подготовките како се одвивал целиот процес.
Сузана Николовска од одделението за сметководство поединечно ги објасни ставките наведени во Одлуката за за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2021 година.
Надзониот одбор на МРТ на своја седница го разгледале Извештајот за извршениот редовен Годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ без поголеми забелешки.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ја стави на гласање Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2021 година.

■**Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2021 година** беше ставена на гласање

- ЗА гласаа: **12** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2021 година **е едногласно усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 3: **Разгледување и одлучување по Жалба со бр.04-1045/4 од 11.03.2022 година.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац даде вовед во оваа точка и ги стави на разгледување материјалите по Жалбата бр.04-1045/4 од 11.03.2022 година.
Иле Тримчески од Одделението за човечки ресурси објасни законски како е поднесено Решението за дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност,дека се запазени сите законски рокови и што предвидува решението, и напомена дека жалителот во случајов има направен превид со самата Жалба, бидејќи средствата што му се одземени не му се по Решението за за дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност, што може да го увидите од исплатната листа која ви е приложена, туку врз база на тоа што му недостасуваат работни часови за тој месец.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац побара да се доставаат електронски евиденции за вработениот, како и дополнителна документација за целиот случај.
Снежана Клинчарова праша како дошло до оваа забуна, односно дали вработените се информирани по кој основ им е намалена платата за предходниов месец, и за што им се намалува.
Горан Атнасов директор на заеднички функции и администрација објасни дека ова прозилезе од тоа што пред неколку седници ве информиравме за отсуството на дел од вработените на своите вработени места, односно секој раководител на своите работници им пополнува листа со работни денови, и раководителот е тој што потврдува со таа листа дали истиот бил на работа,одмор,боледување,прекувремени работни саати,недели и сл.
За конкретниов случај  е направен превид со тоа што истиот помислил дека намалувањето на платата му е по решението за дисциплинска постапка, а не поради тоа што предходниот месец му недостасувале работни часови.
Снежана Клинчарова истакна дека од неговиот приговор може да се увиди дека тој не може да си ја остварува својата работна задача бидејќи нема оркестар, а бидејќи станува збор за наш исткат музичар и пред пензија треба да ни се дообјасни зошто е казнет дополнително со уште три месеци по 20% од плата.
Ристе Панов објасни дека согласно Законот за јавни претпријатија ние како второстепен орган имаме рок од 8 дена да донесеме одлука по оваа жалба, така да може по истата да одлучиме до 20.03.2022 година.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац предложи а од членовите на советот беше едногласно усвоено точката да се разгледува и по жалбата да се одлучува на наредна седница на Програмскиот совет на МРТ на 18.03.2022 година.

**ТОЧКА 4:Разно.**
Снежана Клинчарова отвори расправа по однос на договорениот состанок со директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за кој беше одреден ден за одржување, но не добивме информација дали е остварен истиот.Повод за состанокот беше потребата од објаснување на директорот Зоран Трајчевски, зошто Агнецијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се прогласува за ненадлежна, кога е во прашање емитувањето на програмата на  БНТ4 на наша територија од нашиот кабелски оператор.
Додека во однос на двата руски медиума РТ и Спутник видовме самите, а и целата македонска јавност дека беа, и тоа како надлежни и реагираа, и го укинаа нивното емитување на територијата на Македонија.

Седницата заврши во 13:50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател